Бр./Nr 12-306/2

30-01-2024 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 99-та седница одржана на 29.01.2024 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Постапката по предметот број 12-5190/1 од 06.11.2023 година, оформен по доставена пријава во врска со доделување на стипендии за ученици во дуални паралелки од здравствена струка во СОМУ ----------, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување по предметот, за предметниот случај веќе постапиле други надлежни органи.

Предметот со број 12-5190/1 од 06.11.2023 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на познат подносител, СОМУ -------------, на ден 06.11.2023 година, поднесена е пријава во врска со доделување на стипендии за ученици во дуални паралелки од здравствена струка во СОМУ ------------- и оформен е предмет број 12-5190/1 од 06.11.2023 година.

Во пријавата е наведено дека гореспоменатото училиште во ------------ било училиште во кое се изучувала здравствена струка. Училиштето по препорака и поддржано од Министерството за образование и наука (МОН) при уписот на ученици за учебната 2023/2024 година, оформило осум дуални паралелки за кои уште во самиот конкурс за упис од МОН било наведено дека учениците кои ќе се запишат во овие паралелки ќе имаат можност да аплицираат за добивање на стипендии.

Но, како што е наведено во пријавата, МОН распишал Конкурс за доделување 1500 (илјада и петстотини) стипендии за ученици/чки кои се запишани во паралелки во стручно образование во кои ќе се реализира практично образование со зголемен број на часови согласно програмите за стручно образование, освен ученици/чките од здравствените струки од јавните средни училишта во Република Северна Македонија за учебната 2023/2024 година (дуални паралелки).

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Според подносителот на пријавата вака објавениот Конкурс бил дискриминирачки во однос на учениците кои биле запишани во здравствената струка.

Со цел проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барања за прибирање информации до Министерството за образование и наука (МОН) и до Државниот просветен инспекторат заради надлежно постапување и доставување на информација до ДКСК.

Државниот просветен инспекторат достави одговор во кој е наведено дека објавувањето и спроведувањето на конкурсите за ученички стипендии е целосно во надлежност на МОН и дека согласно Законот за просветна инспекција, Државниот просветен инспекторат нема надлежност да постапува.

Додека, Министерството за образование и наука односно Секторот за ученички и студентски стипендии при МОН достави образложение во кое е наведено дека врз основа на член 54 став 1 од Законот за ученички стандард била донесена Програма за изменување и дополнување на Програмата за остварување и развој на дејноста во Ученичкиот стандард за 2023 година, како и Одлука за измена на Одлуката за утврдување на бројот и висината на стипендиите за ученици запишани во средните училишта во РСМ, по што Министерот донел решение за распишување на Конкурс за доделување на 500 (петстотини) стипендии за ученици од средното образование кои биле запишани во дуални паралелки во стручно образование од здравствена струка.

Согласно донесеното Решение бил распишан Конкурс за доделување на стипендии на кој учениците во овие паралелки можеле да аплицираат во периодот од 28.12.2023 година до 11.01.2024 година.

Од горенаведеното, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување по предметот, за предметниот случај веќе постапиле други надлежни органи и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Изработил: м-р К.З

Одобрил: Н.Б, Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**